Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-4273/2
09.09.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-4273/1 од 02.09.2025 година, поднесено о[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-4273/1 од 02.09.2025 година, поднесено од[redacted]
со кое се бара информација од јавен карактер:

1.Колкава е вкупната количина на отпад што општината го собира на годишно ниво?

2.Колку од вкупната количина отпаѓа на текстилниот отпад?

3.Дали општината има склучено договор со колективен постапувач?

4.Ако општината има склучено договор со колективен постапувач, со кој?

5.Дали општината има отворено собирен центар за текстилен отпад?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република

Македонија“ бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

1. Во текот на 2024 година согласно Годишниот извештај за постапување со отпад бр.08-308/2 од 27.01.2025 година кој редовно секоја година се доставува до Надлежен орган се собрани вкупно 23705,6 т/год на комунален и друг вид на неопасен отпад како и 4958,69 т/год. на инертен отпад.
2. Од вкупно 23705,6 т/год вкупен комунален и друг вид на неопасен отпад 337,11 т/год или 1983 м3/год припаѓа на текстилен отпад.
3. Општина Велес сеуште нема склучено Договор со колективен постапувач за текстичен отпад, но е во фаза на разгледување на можноста за селекција на овој вид на отпад, локациски услови за поставување на садовите за собирање на овој вид на отпад пред да биде склучен Договорот со колективниот постапувач.
4. /
5. Општина Велес нема отворено собирен центар за текстилен отпад.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar“ No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*